Архивски број: 08-240/3
Датум: 23-05-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 240/1 од 20.03.2023 година, поднесена од
, Велес, со живеалиште на ул.
, Велес, за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус, ментална и телесна попреченост и здравствена состојба во пристап до добра и услуги, од страна на ЈП Градски паркинг – Скопје, со седиште на ул. Македонија бр. 11А, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.05.2023 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост и место на живеење, сторена од ЈП Градски паркинг – Скопје врз
во пристап до добра и услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

На 20.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08-240/1 од
Велес, со живеалиште на у
Велес, за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус, ментална и телесна попреченост и здравствена состојба во пристап до добра и услуги, од страна на ЈП Градски паркинг – Скопје, со седиште на ул. Македонија бр. 11А.

Во поднесената претставка се наведува дека подносителката и нејзиниот сопруг, жители на Велес, се лица со физичка попреченост и се членови на Здружението на инвалиди Мобилност од Велес. Тие имаат возило кое е обележано како возило за лица со физичка попреченост.

На 16.03.2023 околу 11:50 подносителката и нејзиниот сопруг дошле во Скопје за лекарски преглед. Своето возило го паркирале на паркингот на Транспортниот центар Скопје, со локација на ул. Никола Карев. Оваа јавна површина наменета за паркирање е групирана во трета зона на ограничување со шифра Ц33, спаѓа во зелена зона, каде времетраењето на ограничувањето не е ограничено. При паркирањето подносителката се паркирала на означено паркинг место за лица со попреченост и ја ставила членската карта од Здружението на инвалиди Мобилност од Велес на шофершајбната, со цел да покаже дека е паркирана на соодветно паркинг место. Дополнително, при излегувањето од возилото, сопругот на подносителката испратил и СМС порака за паркинг, по што добил потврда дека паркингот е платен. Еден час по паркирањето подносителката и нејзиниот сопруг се вратиле на паркинг местото и виделе дека на колата имало ставено блокатор ("канца"), а на шоферската врата имало залепено налепница од ЈП Градски паркинг – Скопје. Согласно наводите од претставката,

подносителката и нејзиниот сопруг се јавиле во ЈП Градски паркинг – Скопје, а кратко по јавувањето на паркингот дошле вработени од претпријатието. На прашањето на подносителката зошто има блокатор на колата кога истата е паркирана на соодветно место, вработените од ЈП Градски паркинг – Скопје и одговориле дека блокаторот е ставен затоа што возилото не е од Скопје, а возилата кои не се од Скопје не може да ги користат паркинг местата наменети за лица со попреченост. Подносителката дополнително ги информирала вработените од претпријатието дека пратила и СМС порака за да го плати паркингот, по што добила и потврдна порака дека паркингот е платен. На тоа вработените од претпријатието и одговориле дека за паркинг на место означено за лица со попреченост, СМС пораката не важи. По кратка расправија помеѓу подносителката, нејзиниот сопруг и вработените во ЈП Градски паркинг – Скопје, вработените од претпријатието ја известиле подносителката дека мора да плати казна во износ од 3.000 денари за да го тргнат блокаторот, а дека потоа може да се жали доколку смета дека ѝ се повредени одредени права. Подносителката ја платила казната и блокаторот бил тргнат. Ова искуство подносителката во претставката го опишува како понижувачко и смета дека била дискриминирана. За наводите од претставката подносителката достави докази и тоа: фотографија од нејзината кола, паркирана на соодветно паркинг место, копија од членската карта од Здружението на инвалиди Мобилност од Велес, копија од пратена порака за плаќање на паркингот и потврдна порака дека паркингот е платен, фискална сметка од платената казна.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 21.03.2023 година испрати Известување бр. 08 - 240/2 за произнесување по наводите од претставката до ЈП Градски паркинг – Скопје, за коешто има повратница од уредна достава ЈП Градски паркинг – Скопје. Во законски утврдениот рок, ЈП Градски паркинг – Скопје не достави поднесок за произнесување по наводите од претставката до Комисијата.

Подносителката на претставката во претставката изнесе факти и приложи докази со кои го стори веројатно своето тврдење за сторена дискриминација, поради што товарот на докажување премина врз лицето против кое е поднесена претставката, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го тоа предвид и фактот дека потенцијалниот дискриминатор не се произнесе во законски предвидениот рок, Комисијата при носење на мислењето ги ценеше исклучиво наводите од претставката.

Ценејќи ги наводите од претставката и доказите кон претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај станува збор за директна интерсекциска дискриминација врз основа на попреченост и место на живеење сторена од ЈП Градски паркинг – Скопје врз . Имено, согласно моменталната пракса на ЈП Градски паркинг – Скопје и важечката Програма за повластено користење на паркинг услуга на јавните паркиралишта и површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП Градски паркинг – Скопје од страна на лица со попреченост за 2023-та година, лицата со

попреченост од другите градови се ставени во нееднаква положба со лицата со попреченост кои живеат во Скопје, во повластеното користење на јавните паркиралишта и површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП Градски паркинг – Скопје. Во креирањето на спомenатата програма, која несомнено претставува афирмативна мерка, ЈП Градски паркинг Скопје пропуштил да ги вклучи лицата со попреченост кои не живеат во Скопје, што претставува директна дискриминација врз основа на интерсекциски поврзани основи – попреченост и место на живеење.

**Конвенцијата за правата на лицата со попреченост** ги обврзува земјите потписнички да обезбедат и промовираат целосно остварување на сите човекови права и основни слободи на сите лица со попреченост без било каква дискриминација врз основа на попреченост. За таа цел, земјите учеснички се обврзуваат:

- да го донесат соодветното законодавство, **административни и други мерки за спроведување на правата признаени во оваа Конвенција**;
- **да ги преземат сите соодветни мерки, вклучувајќи го и законодавството за измена и укинување на постојните закони, регулативи, обичаи и пракси, кои претставуваат дискриминација на лицата со попреченост**;
- да ја земат предвид заштитата и унапредувањето на човековите права на лицата со попреченост **во сите политики и програми**;
- **да го избегнат влегувањето на секој акт или пракса која е недоследна на оваа Конвенција и да обезбедат јавните органи и институции да постапуваат во согласност со оваа Конвенција**;
- **да ги преземат сите соодветни мерки за елиминација на дискриминацијата врз основа на попреченост** од страна на сите луѓе, организации или приватни претпријатија;
- да преземат или промовираат истражување и подобрување на универзално изработените производи, услуги, опрема и капацитети, како што е дефинирано во член 2 на оваа Конвенција, за што е потребно минимално можно прилагодување и минимални трошоци за да се исполнат посебните потреби на лица со попреченост, унапредување на нивната достапност и користење и да се подобри универзалниот модел во развојот на стандардите и насоките;
- да преземат или промовираат истражување и подобрување, како и унапредување на достапноста и користењето на нови технологии, вклучувајќи и информатички и комуникациски технологии, подвижни помагала, справи и помошни технологии, соодветни за лицата со попреченост, давајќи приоритет на технологии со достапни цени;
- да им обезбеди пристап до информации на лицата со попреченост во врска со подвижни помагала, справи и помошни технологии, како и други форми на помош, подржани услуги и капацитети;
- **да промовира обука на професионалци и персонал** кој работи со лицата со попреченост во врска со правата признаени во оваа Конвенција, со цел подобро обезбедување на помош и услуги загарантирани со овие права.

**Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** пропишува дека *„дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

**Член 4, став 1, алинеја 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** пропишува дека *„интерсекциска дискриминација е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани."*

**Членот 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ги дефинира потешките облици на дискриминација и пропишува дека *„како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација."*

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење. Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена дискриминација, со цел отстранување на повредата на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следнава:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ЈП Градски паркинг – Скопје на да й го овозможи правото на повластеното користење на јавните паркиралишта и површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП Градски паркинг – Скопје, на еднаква основа како и лицата со попреченост кои живеат во Скопје **во рок од 30 дена од добивањето на ова Мислење и за тоа писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ЈП Градски паркинг – Скопје да иницира промени на Програмата за повластено користење на паркинг услуга на јавните паркиралишта и површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП Градски паркинг – Скопје од страна на лица со попреченост за 2023 - та година, така што ќе овозможи можност за користење на оваа програма на сите лица со попреченост, независно од нивното место на живеење. Иницирањето на спомenатите измени ЈП Градски паркинг – Скопје треба да го направи **во рок од 30 дена од добивањето на ова Мислење и за тоа писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ЈП Градски паркинг – Скопје во носењето на идни афирмативни мерки и политики да внимава истите да не произведуваат дискриминација врз било

која дискриминаторска основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
23.05.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- ЈП Градски паркинг – Скопје, ул. Македонија бр. 11А, Скопје
- Велес